За повеќе информации:

Ulrike Kreysa
Vice President GS1 Healthcare
Brussels, Belgium
Telephone: +32 2 788 78 00
Email: Ulrike.kreysa@gs1.org

# Press Release

## Повеќе од 30 лидери од Здравството ги прифатија GS1 Стандардите за Здравство

Брисел, Белгија, 17 април 2013

GS1 Системот на Стандарди за Здравство ја освои поддршката на повеќе од 30 водечки болнички центри, производители на фармацевтски производи и медицински помагала и консултативни здруженија на учесници во синџирот на снабдување во здравството од целиот свет.

Претставниците на учесниците во синџирот на снабдување во здравството изразија силна поддршка во потпишаниот *меморандум за поддршка* со кој се одобрува донесувањето на GS1 како глобален стандард кој најмногу одговара за нивната индустрија. Потпишувањето на овој документ следуваше откако компанијата за глобален стратешки консалтинг McKinsey & Company го објави својот извештај за здравтвото: *"Strength in unity: The promise of global standards in healthcare (Силата на единството: Ветување на глобалните стандарди во здравството)" Во исвештајот се* наведува дека *"значително се зголемува безбедноста на пациентите и се овозможуваат бенефиции и намалување на трошоците преку имплементација и користење на еден глобален стандард во Здравство"*. Учесниците во синџирот на снабдување во Здравството кои го дадоа својот глас тој стандард да биде GS1, претставуваат големи производители, дистрибутери и болници во целиот свет, вклучувајќи ги САД, Канада, Европа, Австралија и Јапонија.

Меѓу компаниите потписници на меморандумот за поддршка се вбројуваат и некои од најпрепознатливите и најпочитуваните компании во здравството на глобално ниво: 3M, Abbott, Apotex, Axway, Baxter, Bayer, BD, B.Braun, Boehringer Ingelheim, Canadian Generic Pharmaceutical Association, Cardinal Health, CH2, Covidien, Fedefarma, Fresenius Kabi, Johnson & Johnson, McKesson, Mölnlycke, Novation, Pfizer, Premier, RX360 и Sanofi Pasteur. Болници и консултативни здруженија на учесници во синџирот на снабдување во

здравството кои исто така ги прифатија GS1 Стандардите за Здравство и го потпишаа меморандумот за поддршка се: од САД, Novation и Premier; од Ирска, болницата St. James; Одделот за здравство на Велика Британија за сите NHS болници; од Шпанија, Logaritme, од Франција; Болничкиот Центар Robert Ballanger, Болничкиот Центар во Бриве, Болничкиот Центар Rene Dubois, болницата Sud Francilien, Универзитетската болница во Стразбур, Универзитетската Болница во Дижон, Болничкиот Центар во Куломиер и во Јапонија, NTT Медицинскиот Центар во Токио.

"GS1 Стандардите за Здравство најголем развој и примена имаат последниве неколку години. Сите учесници во процесите во Здравството во целиот свет ги прифатија и напредуваат со нивната имплементација". – заклучија лидерите од Здравството по потпишувањето на меморандумот за поддршка. "GS1 Стандардите овозможуваат правилно раководење со процесите и ја подобруваат видливоста – од производителите до пациентите" понатаму следуваат уште неколку битни изјави.

"Глобалното усвојување на GS1 Стандардите ќе биде од голема корист за пациентите и сите претставници во индустријата во целиот свет", рече Орландо Серани, потпретседател на Global Business Services, Johnson & Johnson Health Care Systems Inc.".

"GS1 го поздравува усвојувањето на GS1 системот на стандарди за здравство од страна на толку многу водечки чинители во глобалната здравствена индустрија", рече GS1 извршниот директор Мигел Лопера од Глобалната Канцеларија на GS1 во Брисел. "Сите членови на тимот на GS1 Здравство напорно работеа за да се осигура дека GS1 Стандардите во Здравството ќе ја зголемат безбедноста на пациентите, оптимизира ефикасноста на синџирот на снабдување и ќе се намалат трошоците за сите партнери во синџирот на снабдување. Ги покануваме сите учесници во синџирот на снабдување во Здравството кои сѐуште не го користат GS1 системот да се осврнат на бенефитите кои ги овозможува единствениот GS1 глобален стандард за Здравството и да го имплементираат GS1 системот во нивното работење."

Здравствените системи во целиот свет се соочуваат со предизвици кои влијаат на целиот синџир на снабдување, од производителите до веледрогериите, дистрибутерите, консултативните здруженија на учесници во синџирот на снабдување во здравството и давателите на здравствените услуги. Овие предизвици се однесуваат на пример на фалсификувањето, неефикасното повлекување на производи од употреба и од пазарот и грешките со лекови, и тие влијаат на целиот синџирот на снабдување во здравството. Искоренувањето на овие проблеми е главен приоритет на политиката на трговските партнери во Здравството. Спроведување на глобалните стандарди во целиот синџирот на снабдување во здравството би можело да спаси 22,000-43,000 животи и да спречи 0,7-1.400.000 поголеми нарушувања на здравствената состојба на пациенти, според извештајот McKinsey Наречен " *Силата на единството: Ветување на глобалните стандарди во здравството* ", извештајот се базира врз интервјуа со 80 силни лидери во здравствената индустрија. Извештајот исто така укажува дека примената на еден единствен систем на стандарди ќе овозможи огромини бенефити:

- ќе овозможи заштеда на десетици милијарди долари во фалсификувани лекови надвор од легитимниот синџирот на снабдување.

• ќе овозможи значителни безбедносни придобивките со кои би се намалиле трошоците за здравствена заштита за $ 40-100 милијарди.

• чини значително помалку од два или повеќе системи.

Прописите, исто така, продолжуваат да се развиваат и ќе имаат директно влијание врз синџирот на снабдување во Здравството, а поради тоа се бара од сите учесници во синџирот на снабдување да имплементираат технологии за автоматска идентификација (AIDC), за да се обезбеди следливост на здравствените производи. Студии сугерираат дека баркодирањето и скенирањето покрај креветите на пациентите можат да го намалат грешките со лекови и до 40%[1].

**За GS1**

GS1 е неутрална, не-профитна, меѓународна организација која работи на развој на глобални стандарди и решенија за подобрување на ефикасноста и видливоста на синџирите за снабдување во индустриите. Таа ја ангажира глобалата заедница на трговски партнери, индустриски организации и провајдери на технологија за да ги разбере нивните бизнис потреби. GS1 ја раководат блиску до 2 милиони компании членки, кои извршуваат повеќе од 6 милијарди трансакции на ден во 150 држави, користејќи ги GS1 стандардите. GS1 има Организации Членки во 111 држави. Седиштето се наоѓа во Брисел. За повеќе информации: www.gs1.org

**ЗА GS1 ЗДРАВСТВО**

GS1 Здравството е глобална, доброволна заедница на корисниците, која ги спојува сите учесници во синџирот на набавка во здравствениот сектор, вклучувајќи ги производителите, дистрибутерите, давателите на здравствени услуги, давателите на решенија, регулаторните тела и индустриските организации. Мисијата на GS1 Здравство е да го води здравствениот сектор кон успешен развој и имплементација на глобалните стандарди преку спојување на експертите во здравствениот сектор со цел да се зголеми нивото на безбедност и задоволство на пациентите и да се создаде поефикасен здравствен синџир на набавка. Членови на GS1 Здравство се повеќе од 60 водечки здравствени организации ширум светот. За повеќе информации за GS1 Здравство посетете ја www.gs1.org/healthcare и www.gs1mk.org.mk/S_Zdravstvo_Intro.aspx .

---

1 Poon EG et al. Effect of Bar-Code Technology on the Safety of Medication Administration.N Eng J Med 2010;362:1698707 http://www.nejm.org/doi/full/10.1056/NEJMsa0907115